„Имаше еден човек – не знам друг да живееше подалеку од џамијата од него – а сепак не пропушташе ниеден намаз во џамија

Убеј бин Каб, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Имаше еден човек – не знам друг да живееше подалеку од џамијата од него – а сепак не пропушташе ниеден намаз во џамија. Му рекоа – или јас му реков: ‚Зашто не купиш едно магаре за да можеш да јаваш во темнината и при жештината?‘ Тој одговори: ‚Не би сакал ни мојата куќа да е покрај самата џамија. Сакам моето пешачење кон џамијата и враќањето дома да ми бидат запишани како добри дела.‘ На тоа Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Аллах ти го запиша сето тоа.‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Убеј бин Каб, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Еден енсарија живееше во една од најоддалечените куќи од Пратениковата џамија, но не пропушташе ниту еден намаз – секогаш клањаше со Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Некои му рекоа: „Зошто не купиш магаре, за да јаваш навечер во темнината и преку ден по жешката земја?“ Тој одговори: „Не би сакал ниту мојата куќа да е веднаш до џамијата. Сакам Аллах да ми го запише секое мое одење кон џамијата и секое враќање кај семејството.“ Кога овие зборови стигнаа до Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, тој рече: „Аллах ти го запиша сето тоа.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3561